Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38 -та седница одржана на 31.08.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-652/1 од 04.02.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба од страна на поединци вработени во ---- суд ----, Основното јавно обвинителство ----, како и Министерството за ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, утврди дека наводите во предметната пријава се неконкретни и нејасни, а од страна на подносителот на пријавата не беше доставено појаснување на наводите во пријавата.

Предметот со бр. 12-652/1 од 04.02.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 04.02.2026 година, поднесена е пријава по пат на електронска пошта и оформен е предмет бр. 12-652/1 од 04.02.2026 година.

Во пријавата, подносителот изнесува сомневање за злоупотреба на службената положба од страна на поединци вработени во ---- суд ----, Основното јавно обвинителство ----, како и Министерството за ----.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на дополнителни податоци информации до емаил адресата од

која е поднесена пријавата, со барање да се конкретизираат наводите од пријавата, односно да се доставаат конкретни информации за кои службени лица се работи, и какви неправилности биле извршени од нивна страна.

ДКСК констатира дека во законски утврдениот рок, не се добиени бараните информации, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: м-р В.З. виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**